# Beyond Silicon Valley/North Macedonia Entrepreneurship course partnership - January 2021

**Универзитетот Case Western Reserve University (CWRU) од Кливленд, САД, ЦЕФЕ Македонија и Американската амбасада во Скопје, во соработка со Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип / Економски факултет организира бесплатен курс по претприемништво на тема: „ Beyond Silicon Valley – Growing Entrepreneurship in a time of crizes” за студентите во јануари 2021 година (од 12-28).**

**Курсот предвидува вклучување на претприемачи, инвеститори, студенти и деловни лидери.**

**Студентите ќе може да ги гледаат видеата „Надвор од Силиконската долина – Раст на претприемништвото во услови на кризи“ на Интернет и ќе се здружат за дискусии во живо преку апликацијата Зум за време на семестарот за да разговараат за разни теми со гости говорници од целиот свет.**

**Дискусиите во живо ќе се одржат секој *вторник, среда и четврток* од 18-19 часот по европско време (од 12 до 13 часот по EST) со почеток на 12 јануари и завршуваат на 28 јануари. Исто така, ќе има сесии во две саботи (16 и 23 јануари). Сесиите ќе бидат снимени за студенти кои не се во можност да присуствуваат на дискусиите во живо.**

**Главната активност на курсот ќе биде насочена кон:**

1. **Регрутирање гости / експерти кои ќе ги пренесат сопствените искуства**
2. **Активности околу помагање при наоѓање претприемачи од Р.С. Македонија, кои би биле подготвени да бидат интервјуирани за нивната задача и идни проектни активности.**
3. **Регрутирање учесници од Р.С. Македонија за курсот. На оние што ќе го завршат курсот ќе добијат сертификат за завршување на курсот од организаторите)**
4. **Потенцијално споделување на сесиите во живо преку Фејсбук страниците на Амбасадата на САД во Скопје, (или ЦЕФЕ Македонија или Универзитетот).**

**Доколку сте заинтересирани да учествувате, пополнете го овој формулар за апликација. Професорот Голдберг, Амбасадата на САД во Северна Македонија и ЦЕФЕ Македонија ќе ги разгледаат апликациите за избор на учесници за групата. Апликациите треба да се доставаат најдоцна до 15 декември 2020 година.**

**Главен иницијатор на курсот е Професорот Мајкл Голдберг (Michael Goldberg) кој својата активност наречена „Надвор од Силиконската долина – Раст на претприемништвото во транзициските економии“ ја започна уште од април 2014 година и во последните 5 години привлече над 175.000 студенти од 190 земји. „Надвор од Силиконската Долина„ е преведен на 16 јазици (најмногу на платформата Курсера) вклучувајќи го и македонскиот. Голдберг ја посети**

**Македонија во 2014 и 2016 година на покана на Амбасадата на САД, Северна Македонија за да реализира работилници поврзани со неговиот курс.**

**Заинтересираните професори и студенти да се пријават кај своите продекани за настава (име презиме, број на индекс, email адреса и телефонски број) или кај професорот Ристе Темјановски riste.temjanovski@ugd.edu.mk .**

**Проф.д-р Ристе Темјановски**
**riste.temjanovski@ugd.edu.mk**

www.ugd.edu.mk
www.cefe.mk
https://mk.usembassy.gov/
www.case.us
https://case.edu/entrepreneurship/
https://www.coursera.org/learn/entrepreneurship-development
https://www.youtube.com/playlist?list=PLL0JI8OUspNBLCXVYwVnKV_SndXVUsqsA